Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

# Извадок на дел од дневни настани 16.01.2022

На 16.01.2023 полициски службеници од ОВР Кочани го лишиле од слобода Т.Р. од Кочани, поради постоење основи на сомнение дека извршил кривично дело „разбојништво". Имено, во 00.40 часот во ОВР Кочани З.Ш.(60) од Кочани пријави дека на 15.01.2023 околу 22.10 часот пред продажен објект во Кочани, Т.Р. со употреба на сила ѝ одзел торба со мобилен телефон, пари и други предмети. Во координација со Основното јавно обвинителство Кочани, од страна на полициски службеници од ОВР Кочани осомничениот е веднаш пронајден, приведен и задржан во просториите на ОВР Кочани. По целосно документирање на настанот ќе биде поднесена кривична пријава.

На 15.01.2023 од страна на полициски службеници од Полициското одделение Новаци лишени од слобода се З.М.(21) и Б.К.(19) од Битола, поради сомнение за извршено кривично дело „кражба", постапувајќи по пријава според која од магацински простор во кругот на РЕК Битола одземени се поголем број предмети. Одземените предмети се пронајдени кај приведените лица и вратени се на сопственикот. По документирање на случајот против лицата ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.01.2023 во 22.20 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Л.(26) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.01.2023 во 14.00 часот на подрачјето на Чаир, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Е.А.(26) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.01.2022 во 01.30 часот од полициски службеници од СВР Куманово од слобода е лишена Е.П. од Куманово, поради постоење основи на сомнение дека извршила кривично дело „кражба". Кај неа се пронајдени и одземени лична карта и две платежни картички сопственост на друго лице. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.01.2023 од полициски службеници од СВР Битола-ОВР Прилеп на ул.„Кеј 1 Мај", кај катна гаража во Прилеп, лишени од слобода се двајца малолетници и Д.Р.(18), кај кои е пронајдена марихуана. Тие биле приведени во присуство на родителите, а по документирање на случајот ќе им биде поднесен соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (15.01.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 481 возач. Од нив 43 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволената брзина, а девет возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа, 247 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 234 надвор од населено место.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (15.01.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 151 мерка, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 53 санкции, 26 мерки за возење без возачка дозвола, 20 санкции за возење под дејство на алкохол. Изречени се три мерки за користење мобилен телефон при возење, три санкции за нерегистрирани возила...

Во текот на вчерашниот ден (15.01.2023) на територијата на СВР Битола спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, при што биле санкционирани 56 возачи. Од нив 39 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 17 возачи надвор од населено место. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 15.01.2023 во 20.50 часот на Граничниот премин Деве Баир, на влез во државата, при извршена проверка на А.Д.(52) од Р.Турција, кој бил со товарно возило „мерцедес" со полуприколка, со турски национални ознаки, било констатирано дека зелениот картон бил фалсификуван. Тој бил лишен од слобода и предаден на полициски службеници од Полициската станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 15.01.2023 во 16.30 часот во Полициската станица Центар, П.И.(59) од Скопје пријавил дека на кеј „Димитар Влахов" бил каснат од куче скитник.

На 15.01.2023 во 16.15 часот во Полициската станица Аеродром, С.Р.(47) од Скопје пријавил дека на бул.„АСНОМ" бил каснат од куче скитник.

На 15.01.2023 околу 20 часот во с.Идризово, скопско, од полициски службеници од СВР Скопје приведен е Ш.Ј.(45) од Гостивар, кој се барал со потерница поради бегство од Казнено-поправна установа Идризово, каде издржувал казна затвор. Воедно при легитимирањето, пријавениот употребил лажни хрватски документи на име Л.Ј.. За случајот е известен Јавен обвинител, а по целосно документирање на случајот ќе биде поднесен и соодветни поднесоци поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа" казниво по чл.378 и кривично дело „употреба на исправа со невистинита содржина", казниво од чл.380 од Кривичниот законик.

На 15.01.2023 полициски службеници од Полициската станица Демир Хисар во ловиште ,,Лесково", на место викано „Тепих" во атарот на с.Смилево, ги затекнале во незаконит лов И.С. од с.Смилево и Н.Ѓ. со престој во с.Загориче, демирхисарско. Тие не поседувале ниту соодветна дозвола за лов ниту дозвола за оружјето, а од нив биле одземени ловни пушки и ловни куршуми. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава во врска со чл. 80 ст.1.т.1 од Законот за оружје.

На 15.01.2023 во 19.05 часот било пријавено дека во с.Романовце, кумановско, настанал пожар во објект од поранешна млекарница. Повредени лица нема, а пожарот бил изгаснат од Територијалната противпожарна единица Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово и се работи на расчистување на случајот.

На 15.01.2023 на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 38 прекршоци, од кои 22 надвор од населено место и 16 надвор во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 17 други видови на прекршоци, од кои 5 за управување возило без возачка дозвола, 1 за нерегистрирано возило, 5 за управување возило под дејство на алкохол, 1 за некористење сигурносен појас, 1 за непрописно вградени заштитни фолии и 4 за непрописно паркирање.

На 15.01.2023 во периодот од 08.00 до 14.00 часот, на подрачјето на СВР Охрид реализирана е сообраќајна акциска контрола. Притоа, полициските службеници затекнале и санкционирале 13 возачи кои управувале моторни возила со брзина поголема од дозволената (09-во населено место, 04-надвор од населено место).

На 15.01.2023 во 11.52 часот во СВР Скопје било пријавено дека во близина на пешачки мост на подрачјето на Карпош, во водите на река Вардар е забележано тело на давеник. Полициски службеници и екипа од противпожарната единица Скопје излегле на местото, известени се ЦУК и ДЗС и се преземаат мерки за пронаоѓање и вадење на телото односно расчистување на случајот.

На 16.01.2023, по преземени мерки од страна на ОВР Дебар била пронајдена Л.А.(16) која на 14.01.2023 била пријавена од нејзината мајка Ш.А.(39) дека се оддалечила од домот.

На 15.01.2023 во 20.05 часот во Полициска станица Центар било пријавено дека во близина на основно училиште на подрачјето на Центар настанал пожар на патничко возило „опел астра", во движење, со скопски регистарски ознаки, управувано од Т.С.(20) од Скопје. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица Скопје. Повредени лица нема.

На 16.01.2023 во 03.00 часот во Полициска станица Центар е пријавено дека околу 01.30 часот во хотел на подрачје на Центар, едно женско и едно машко лице со закана и со употреба на физичка сила од Г.П.(53) од Скопје одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.01.2023 во 22.30 часот М.Р.(25) од Скопје пријавил дека на 14.01.2023 околу 21.30 часот на подрачјето на Шуто Оризари бил физички нападнат од неколку лица, кои му одзеле мобилен телефон. Се работи на расчистување на случајот.

На 15.01.2023 во 16.30 часот во Полициска станица Карпош било пријавено дека во 16.10 часот во спортска обложувалница на подрачје на Карпош, две лица со закана од вработените одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против В.В.(43) од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторени две кривични дела „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 07.01.2023 околу 16.55 часот, пријавениот агресивно се однесувал, а потоа и физички нападнал двајца полициски службеници кои вршеле службени дејства.

На 14.01.2023 Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе при Секторот за криминалистички истраги во Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал, под раководство на Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција реализираше случај за сторено кривично дело „трговија со дете", извршено од страна на пет лица. Имено, В.Д.(39), К.Р.(24), В.Б.(26) и А.Д.(23) од Кавадарци и Н.И (21) од Неготино, во временскиот период од август до 19 септември 2022 година го сториле кривичното дело така што користеле сексуални услуги од малолетничка на различни локации, за паричен надоместок од 1000 до 2000 денари. М.К.(20) со употреба на физичка сила и закани, како и психолошко насилство, ја принудувало малолетничката на вршење полови дејствија и давање сексуални услуги на петте пријавени лица. За М.К од страна на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција во моментот се спроведува истрага за сторено кривично дело „трговија со дете". Врз основа на издадени судски наредби од Основен кривичен суд Скопје, на 14.01.2023 на подрачјето на Кавадарци извршен е претрес во дом и други простории кај пријавените, при што петте лица се лишени од слобода и против нив од страна на Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе до Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција на 14.01.2023 година е поднесена кривична пријава против петте лица за сторено кривично дело „трговија со дете" предвидено и казниво во член 418-г став 3 од Кривичниот законик.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет